КУЛТУРЕН ЖИВОТ

# Поголемо ангажирање на комуните

## ВО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА КУЛТУРНО-ЗАБАВНИОТ ЖИВОТ

Во Републиката постои разгранета мрежа на општински и околиски одбори на Работничката културно-просветна заедница на Македонија. Освен тоа, во внатрешноста работат и повеќе работнички универзитети, културно-уметнички друштва, разни секции и друго. Нивната важност при организирање на солиден културно-забавен живот на нашиот граѓанин е несомнена и, според официјалните извештаи, видлива.

Меѓутоа, разгледувајќи ја положбата на оваа организација во минатата година, сами по себе се наметнуваат некои проблеми што бараат решавање не само во рамките на локалните институции, туку и на републичките органи. Речиси во сите извештаи на РКПЗ се нагласува потребата од вклучување и ангажирање на комуната во работата на овие културни институции и нивното натамошно ширење и подигнување. Зашто, не треба да се остане само на работата што ја покажуваат аматерите кои досега се пројавија во својата заинтересираност за преку многуте самостојни приредби и републички ревии. Главно, аматерите се вклучени во работничките универзитети што во Републиката сега ги има 24. Исто така не треба оваа дејност да се ограничува на постојните домови на културата, туку е потребна една поширока мрежа на работнички клубови и организирање на членовите на работните колективи во аматерски ансамбли, кои секако ќе бидат помогнати од својата стопанска организација.

За подобро координирање на работата и за ангажирање на сите фактори кои можат да го помогнат организирањето на културно-забавниот живот, потребни се почести контакти што ќе се одвиваат преку семинари со претседателите на општинските и околиските одбори на РКПЗ, со членовите на раководствата на организациите, подмладување на кадрите и друго. Исто така, потребно е учество на стручни лица, кои преку таа соработка ќе придонесуваат за изградување и канализирање на аматерските амбиции на членовите на секциите и клубовите.

На крајот и поставеното прашање за обезбедување материјални средства е да се симне од дневниот ред, зашто помошта што ја даваат стопанските организации како и средствата од самостојните културни манифестации на ансамблите обезбедуваат нормална работа која дури потоа може да биде помогната и од другите заинтересирани фактори.

В. Ан.